# Природни науки
# Час 17: Отпечатоци и допир



ОУ ,,Александар  Турунџев" с. Кукуречани
Одд. наставник: Весна Пупучовска

# Образовни цели



## <u>Денес учам ...</u>

Да ги набљудувам моите отпечатоци

Да ги откривам видовите линии во отпечатоците

Да ги споредам моите отпечатоци со отпечатоците на моето другарче



Да творам со моите отпечатоци



Да воочам дека отпечатоци имаме и на дланките и на стапалата

# Што ќе направам?



Јас треба ...

Да употребам лупа со која ќе ги погледнам моите дланки и моите прсти



Да ги набљудувам какви се линиите на моите дланки и прстите: прави линии, криви линии



Да ги погледнам отпечатоците и на моето другарче и да ги споредам со моите

Да направам отпечатоци од моите прсти со помош на боја или мастило

# Кога ќе направам отпечаток да кажам...

Какви линии има?

Дали се прави, криви, тркалезни?

Дали се слични со некои од сликата?

Дали мојот отпечаток е сличен со отпечатокот на моето другарче?

Што е слично, а што е различно?



ИСТРАЖУВАЈ РАЗМИСЛИ ДИСКУТИРАЈ ПОСТАВУВАЈ ПРАШАЊА

# Какви се линиите во нашите отпечатоци?






Што гледаш на овој отпечаток?

Кои линии најповеќе ги има на твојот отпечаток?

# Творење со отпечатоци

<u>Што треба да направиш?</u>

Потребни ти се мастило или темперни бои со кои ќе ги намачкаш своите прсти и бела хартија врз која ќе ги правиш отпечатоците

Направи отпечатоци од твоите прсти со различна боја

Можеш да ги имитираш дадените примери или да направиш свои






# Слики од отпечатоци

<u>Научи како да сликаш со твоите отпечатоци</u>

    

<u>Можеш да направиш слики и со отпечатоците од твоите дланки</u>

   

# Уште нешто!



-Секој од нас има различни отпечатоци на прстите
-Различни отпечатоци имаме и на нашите дланки и на нашите стапала



-Полицијата ги користи отпечатоците кои ги оставаат криминалците на површините од предметите





-Постојат луѓе кои немаат отпечатоци на своите прсти, таквата состојба се нарекува адерматоглифија